# ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР




**Демир Хисар, декември 2025**

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), а согласно Изадокот од Нацрт-записникот од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на ден 10 декември 2024 година, точка 27 и заклучокот под точка 1, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

# ЕТИЧКИ КОДЕКС

## за вработените во Општина Демир Хисар

## I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Етиката како наука е повикувана теоретски да ги решава оние практични проблеми кои се јавуваат пред човекот во животот (како треба да се постапува, што треба да се смета за добро или зло, што е правилно, а што не е правилно да се направи.

Во рамки на институционалното работење етиката дава насоки за тоа како да ја оценуваме критички дадената ситуација и врз основа на поставените принципи да процениме дали нешто е погрешно да се направи во одредена ситуација.

Повеќе од потребно е секоја институција да има свој Етички кодекс, донесен и усвоен од страна на раководните структури, затоа што истиот ја дава рамката на однесување на вработените во една институција, имајќи ги предвид различните ситуации во кои може да се најдат (во случај на понуда на мито, подарок во вредност поголема од дозволената, злоупотреба на службена должност, итн.).

Донесувањето на кодексот е доста практично и неопходно за едно институционално работење и раководење со работните процеси и вработените во институцијата.

Со примената на етичките принципи се зголемува степенот на професионалното работење на вработените во институцијата, се стандардизира нивното постапување во одредени ситуации, се намалуваат ризиците и употребата на дисциплински мерки и самата институција се стекнува со интегритет во работењето.

## II.ЦЕЛ НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС

### Член 2

Со Етичкиот кодекс за административните службеници и останатите вработени во Општина Демир Хисар се утврдуваат и пропишуваат етичките стандарди и правила на професионално однесување на вработените во Општина Демир Хисар.

Целта на Етичкиот кодекс е поттикнување на доброто постапување и однесување на вработените, унапредување и афирмација на достоинството и на

угледот на вработените и зајакнување на довербата на пошироката јавност во работата на Општина Демир Хисар.

## II ЦЕЛНИ ГРУПИ

### Член 3

Вработените ги применуваат и се придржуваат кон етичките правила и стандарди од Етичкиот кодекс во однос на колегите, раководниот кадар, претпоставените, правните и физичките кои ги користат услугите кои ги испорачува општината согласно законската регулатива.

## III ПРИНЦИПИ НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС

### Член 4

Почитувањето на етичките принципи е обврска и императив за вработените во Општина Демир Хисар.

Постојат повеќе принципи, кои според целта и на кого се однесуваат, се делат на три групи:

- Принципи на добро управување/работење (општи институционални вредности на Општина Демир Хисар)

- Принципи на однесување (на вработените/целната група)

- Принципи на професионална/деловна етика (однос кон другите)

### Член 5

Принципите на добро управување/работење (општи институционални вредности на Општина Демир Хисар) кои се имплементираат во работењето на Општина Демир Хисар се следниве: принцип на почитување на демократски вредности и социјални права, интегритет, транспарентност и одговорно постапување со информации, законитост, ограничено користење на ресурсите /Принцип на ефикасност, безбедност на податоци, отчетност, одговорност и транспарентност.

### Член 6

Принципи на однесување кои ги почитуваат вработените во Општина Демир Хисар се следниве: принцип на законитост, професионалност, континуирано учење и усовршување, недискриминација, непристрасност и објективност, политичка неутралност, личен интегритет, застапување на јавниот интерес, добро однесување на работното место, однесување во јавност, однесување со странки, добро однесување со колегите и пристојно облекување.

### Член 7

Принципите на професионална/деловна етика кои се имплементираат во работењето на Општина Демир Хисар се следниве:принцип на професионална посветеност, градење доверба во институционалното работење, отчетност и законито работење

**Член 8**

Вработените совесно ги извршуваат своите работни задачи и своето професионално знаење и искуство преку промоција на толеранција и меѓусебно почитување и соработка.

Во своето професионално делување, вработените ги почитуваат основните човекови права и вредности спрема начелото на социјална правда и еднаквост без разлика на постоечките разлики и се должни да ја задржат својата стручност, компентенција и интегритет во работата.

**Член 9**

Вработените го чуваат угледот на Општина Демир Хисар во која работат и независно од позицијата на која се наоѓаат, даваат придонес за унапредување на работата на Општина Демир Хисар, како и подобрување на ефикасноста на работата.

Секој нововработен кој за прв пат засновува работен однос се запознава со одредбите на Етичкиот кодекс.

Вработените во вршењето на работите постапуваат во согласност со одредбите на Етичкиот Кодекс.

Изразите, употребени во Етичкиот кодекс кои се родово определени, се користат неутрално и се однесуваат еднакво на лица од машки и женски пол.

**Член 10**

Во вршење на работните должности дадени согласно законските надлежности, вработените се должни да ги извршуваат своите работи и работни задачи во согласност со Уставот и законите на Република Северна Македонија, други подзаконски акти и ратификувани меѓународни договори.

Вработените никогаш не треба да работат на начин на кој знаат или се сомневаат дека е незаконски, непрописен или неморален и доколку им се дадат такви работни задачи случајот веднаш да го пријават на овластени лица и институции.

**Член 11**

Вработените со своето работење и однесување ги промовираат демократските вредности и владеење на правото, не дискриминираат, не користат говор на омраза и навреди, не понижуваат или дискредитираат, не се вклучени во корупција или друг вид на злоупотреба на службената должност.

Вработените обезбедуваат еднакви стандарди при вршењето на работата преку фер и правичен однос и одбегнување на дискриминација по било кој основ.

**Член 12**

Вработените се грижат и го унапредуваат сопствениот дигнитет и угледот на Општина Демир Хисар во која работат и тоа како за период на работното време, така и надвор од него.

Притоа не ја користат службената положба за приватни цели и не изнесуваат службени податоци кои би можеле да го нарушат угледот на Општина Демир Хисар, но и довербата во институцијата.

Вработените при вршење на работните задачи го почитуваат правото, достоинството и интегритетот на другите, но се грижат и за сопствениот интегритет.

Интегритетот на личноста вклучува чесност, вистинитост, обврска кон сопствените морални вредности и должности.

При учество на работни состаноци, обуки и други видови на стручно оспособување и усовршување вработените имаат обврска достојно да ја претставуваат Општина Демир Хисар.

Вработените во сите јавни настапи и претставување на Општина Демир Хисар пред други, ги изнесуваат ставовите на Општина Демир Хисар во согласност со законските прописи и надлежности, стручните знаења и Етичкиот кодекс.

**Член 13**

Вработените се со уреден надворешен изглед, внимаваат на својата лична хигиена и се облекуваат на адекватен начин на кој не го нарушуваат сопствениот углед и угледот на Општина Демир Хисар.

Облеката на вработените треба да биде чиста, формална и уредна, за да не предизвикаат впечаток на непристојност и нарушување на угледот на Општина Демир Хисар.

Во Општина Демир Хисар не се дозволува премногу кратка, тесна, отворена или вулгарна облека која содржи непристојни натписи и кратки панталони.

На работното место не ги изразуваат своите политички, верски и други лични ставови или на групи на кои припаѓаат и кои би можеле да ги доведат во ситуација на сомнеж за пристрасност или нарушување на неутралниот став кој треба да го имаат кон другите.

На работното место и во просториите на Општина Демир Хисар забането е пушење и забранета е употреба на алкохол, дрога или други психотропни супстанции, како и работење под дејство на алкохол или наркотични средства.

Вработените не ја истакнуваат, ниту ја наметнуваат на други својата политичка и верска определба и не смеат да носат или истакнуваат обележја на политички партии.

Вработените се должни да ја вршат својата работа професионално, посветено и навремено, почитувајќи ги приоритетите и редоследот на задачите. Работите и работните задачи да ги извршуваат одговорно, стручно и ефикасно со примена на нивните најдобри знаења и вештини, да го следат развојот на својата област, континуирано да се надоградуваат и обучуват и да ги применуваат стекнатите знаења, заради личен напредок и зголемување на ефикасноста на Општина Демир Хисар.

**Член 14**

Вработените во односот со колегите ги негуваат духот на начелата на тимска работа, взаемно почитување, почитување на различностите, солидарност и соработка.

Се почитува приватноста и дискрецијата на колегите и претпоставените.

Комуникацијата и соработката се одвива на начин кој не го повредува достоинството и личниот интегритет, туку придонесува за создавање на пријатна работна атмосфера, толерантност, транспарентност и меѓусебно разбирање.

**Член 15**

Вработените обезбедуват економично и ефикасно управување и користење на материјалните средства, опремата и предметите што им се доверени во извршувањето на работните задачи и го спречуваат нивното незаконско користење и располагање и не ги користат за приватни потреби.

**Член 16**

Сите форми на комуникација меѓу вработените се засновуваат на меѓусебна почит, доверба, соработка, пристојност и одговорност.

Вработените им овозможуваат пристап на колегите до потребните информации од интерес на работата, развиваат форми на организациско учење, ги прифаќаат и вреднуваат колегите со нивните професионални достигнувања.

Вработените континуирано се едуцираат и стручно усовршуваат за да обезбедат високо ниво на стручна и етичка компентенција.

**Член 17**

Градоначалникот на Општина Демир Хисар и раководителие на одделенијата, даваат пример на етичко однесување на другите вработени, како и поттикнуваат позитивна атмосфера за квалитетно и навремено вршење на работните задачи, меѓусебно почитување и соработка.

Градоначалникот на Општина Демир Хисар, го назначува за повереник за етика административниот службеник кој ги врши работите и работните задачи од делокругот на човечките ресурси .

Поверникот за етика се грижи за примената на овој Кодекс и ја следи примената на Етичкиот кодекс, како и им укажува на вработените за пропустите во работата и презема потребни мерки за примена на етичките правила и стандарди.

Вработените и градоначалникот на Општина Демир Хисар развиваат соработка и партнерство со други институции и граѓанскиот сектор, во функција на унапредување на работата на Општина Демир Хисар.

Вработените со своите изјави и коментари не ги доведуваат во прашање одлуките, угледот и достоинството на градоначалникот и раководителите на одделенија во Општина Демир Хисар.

Вработените не примаат подароци и не смеат да бараат, примаат односно да дозволат друго лице во нивно име или нивна корист да бара, дава или прима подарок, услуга или било каква друга вредност, помош или друга корист во врска со вршењето на должноста, која би можела на било кој начин да го компромитира нивното работење или да ги стави во несоодветна положба и обврска.

**Член 18**

Вработените во извршувањето на своите работни задачи, овластувања и должности, избегнуваат било каков судир помеѓу јавниот и приватниот интерес, како и било каков сомнеж за постоење на судир на интереси.

Во своето постапување и однесување, вработените се водат од јавниот интерес во согласност со Уставот, законите, подзаконските акти, начелата и постапуваат совесно, стручно, без дискириминација и без никаков приватен интерес.

Во случај на постоење на судир на интереси, должни се веднаш, без одлагање да го пријават истиот кај лицето за заштитено внатрешно пријавување на Општина Демир Хисар, градоначалникот на Општина Демир Хисар или до Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Член 19**

Вработените потпишуваат изјава со која потврдуваат дека ги прочитале и разбрале принципите и стандардите на однесување и работењето содржани во овој Кодекст.

Потпишаните Изјави се доставуваат и чуваат во персоналното досие на вработените.

Образецот од Изјавата е составен дел на овој Кодекс и е даден во прилог 1.

## IV. ПРИМЕНА НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС

**Член 20**

Лицето за интегритет ја следи примената на овој Етички кодекс, преку воспоставување посебен систем за следење, периодични проверки преку различни методи: прашалници, интервјуа со вработени и раководни лица, консултации со граѓани и слично.

По завршувањето на евалуацијата, лицето за интегритет може да предложи измени или дополнувања на Етичкиот кодекс со цел подобрување на документот и отскликување на реалните ситуации во работењето на Општина Демир Хисар.

**Член 21**

Градоначалникот на Општина Демир Хисар по потреба основа и Етички комитет, составен од три членови.

Етичкиот комитет постапува по претставки и сознанија за неетичко постапување на вработен кое е спротивно на Етичкиот кодекс за вработените во Општина Демир Хисар.

Етичкиот комитет ги испитува претставките и сознанијата за неетичко постапување на вработениот, составува извештај за констатираната состојба кој може да содржи и предлог за дисциплинска одговорност согласно Законот за административни службеници.

Доколку се констатира дека вработен во Општина Демир Хисар при вршење на работата постапува спротивно на Етичкиот кодекс, вработениот во Општина Демир Хисар одговара дисциплински за непочитување на одредбите на овој Кодекс, согласно Законот за административни службеници.

**Член 22**

Етичкиот кодекс го донесува градоначалникот на Општина Демир Хисар и истиот е јавно објавен и достапен на веб страната на Општина Демир Хисар.

## V.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

Сите вработени се должни да се запознаат со одредбите на Етичкиот кодекс и да се грижат за негова правилна примена.

**Член 19**

Овој Кодекс влегува во сила со денот на неговото донесување.

**08-1191/1**

**04.12.2025**

**Општина Демир Хисар**

**Градоначалник**

**Никола Најдовски**

-----------------------

**Прилог 1**

**Врз основа на член 19 од Етичкиот кодекс за вработените во Општина Демир Хисар ја давам следната изјава:**

**И З Ј А В А**

**Јас_______________________________________________________,**

**вработен во Општина Демир Хисар, на работно место__________________________________________________________,во Одделението __________________________________________________,**

**потврдувам дека сум запознат/а со правилата на етичките стандарди и правила на професионално однесување на вработените во Општина Демир Хисар (Етичкиот кодекс) и изјавувам дека истите доследно ќе ги почитувам и ќе се придржувам кон одредбите од Кодексот при извршувањето на работите и работните задачи.**

**Потпис**

_______________